**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**УП-I бр. 25-14**
**__.03.2013 година**
**Скопје**

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11 и 123/12), постапувајќи по барањето на Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје УП-I бр.25-14 од 27.02.2013 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

**Се овластува Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје,** за вршење на стручни работи во постапка на единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C, S и одобрување на преправено возило, во кое е дополнително е вграден еден или повеќе уреди за извршување на некоја функција, како: уред за погон на возилото на течен нафтен гас (ТНГ), уред за спојување на влечното и приклучното возило (приклучен уред) и дополнително вградени заштитни фолии или обоени стакла како заштита од сонце, за инспекциското место на ул.Малешевска 1 бр.2 во Скопје.

### О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје, до Министерството за економија поднесе барање УП-I бр.25-14 од 27.02.2013 година со кое бара овластување за техничка служба за вршење на работите:

- **единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C, S** согласно член 2 став (1) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија" бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12 и 153/12) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10 и 95/12 ) за инспекциското место на ул.Малешевска 1 бр.2 во Скопје; и
- **одобрување на преправено возило**, согласно член 7 став (1) точка 1 (ТНГ), 4 и 13 од Правилникот за преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, за инспекциското место на ул.Малешевска 1 бр.2 во Скопје.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба од органот за одобрување – Бирото за метрологија бр.1509-977/2 од 26.02.2013 година;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-054 од 22.02.2013 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;
- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија од 07.03.2012;
- Копии од обрасците М1/М2 за: М-р. по машинство Миле Милошевски, дипл. маш. инж. Стојче Стојанов, дипл. маш. инж. Ристески Илија и контролор во станица за технички преглед Тони Златановски;
- Доказ за склучен договор за осигурување полиса бр.6000300000057 од 17.01.2013 година;
- Изјава од управителот на Друштвото за техничко испитување и анализа на моторни возила СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ВОЗАЧИ Центар за возила ДООЕЛ Скопје бр.10-13/2 од 27.02.2013 година, за деловните простории;
- Доказ за техничка опременост – Список на опрема; и
- Доказ за економско финансиската состојба на субјектот, издадена од Централен регистар на Република Македонија бр.0905-23/160 од 25.02.2013 година.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за преправени и поправени возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се покрене управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

***МИНИСТЕР,***
***Ваљон Саракини***

Изработил: Јане Шапардановски
Контролирал: Нериман Целадини
Согласен: Билјана Д. Стојановска
Одобрил Анче Трифунов